Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број 04-3524
Скопје, 08.04.2024 година

# ЗАПИСНИК

## За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ" бр.238/19), на ден 08.04.2024 година, со почеток во часот, во службените простории на ДИТ-Скопје, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-3524 од година, е спроведен практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1. Ментор на кандидатот – Грозданка Тилева
2. Бурхан Муќа – Советник инспектор
3. Горан Поповски – Државен советник
4. Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Славица Фурнаџиска, кандидат за Помлад инспектор за инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје при работа во Државен инспекторат за труд, на кого е дадена симулација на редовен инспекциски надзор согласно Законот за безбедност и здравје при работа.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидатот за Помлад инспектор Славица Фурнаџиска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

**Државен инспекторат за труд**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

**Inspektorati shtetëror i punës**

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на Славица Фурнаџиска, Комисијата ги утврди освоените бодови, и тоа:

- Планирање и подготовска на инспекциски надзаор - 13 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 28 бодови
- Затворање на инспекциски надзор - 28 бодови
- Документирање на инспекциски насдзор- 12 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор освои вкупно 81 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:

- Почеток во 10 часот на ден 08.04.2024 година
- Завршување 13 во на ден 08.04.2024 година

Комисија за

полагање на

практичен дел од

испитот

1. Грозданка Тилева________

2.Бурхан Муќа ________

3.Горан Поповски ________

4.Игор Вељаноски ________

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број: 04-3524/4
08 APR 2024 2024 година, Скопје

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/11,, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), член 43 став 1, 3 и 11 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор, Директорот на Државниот инспекторат за труд, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за формирање на Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор**

1. Со ова решение се формира Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор за кандидатот Славица Фурнаџиска, вработена во Државниот инспекторат за труд.

2. Комисијата од член 1 на ова решение е во состав:

- Грозданка Тилева – ментор на кандидатот
- Горан Поповски – генерален инспектор
- Бурхан Муќа – советник инспектор
- Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

3. Се задолжува комисијата да ги превземе сите дејствија потребни за спроведување на практичниот дел од испитот за инспектор за кандидатот и по спроведениот практичен дел од испитот за инспектор да состави записник за истиот.

4. Испитот ќе се одржи на ден 08.04.2024 година, во просториите на Државниот инспекторат за труд.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Директор

Весна Томовска

Изработил/Одобрил: М. Ѓ.